## З А П И С Н И К

од петтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Петтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 15.04.2020 година, по телефонски пат.

Согласно Деловникот за работа на Комисијата Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и дневниот ред.

Дневниот ред имаше 5 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за петтиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Предлог измена на Правилникот за плати и други надоместоци на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Предлог измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Разно.

Откако беа разгледани материјалите, сите членови на Комисијата едногласно гласаа ЗА сите точки по предложениот дневен ред, со едно дополнување во Правилникот за плати и други надоместоци на АЕК. Се задолжија службите во Агенцијата за понатамошно постапување по донесените одлуки.

Стевица Јосифовски, Претседател___________

Гордана Клинчарова, член ____________________

Ервин Реџепагиќ, член_____________________

Дешира Имери, член _____________________

Горан Велинов, член _____________________

Наш број________________

Скопје 15.04.2020 год.